# СОВЕТИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА ИНТЕРНЕТ БАНКАРСТВО НА УНИБАНКА АД СКОПЈЕ

Почитувани Клиенти,

Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во понатамошниот текст: УНИБанка или Банката) Ви овозможува највисоко ниво на заштита и сигурност при користење на системот за интернет банкарство. Сепак, бидејќи секогаш приоритет ѝ даваме токму на безбедноста, издвоивме неколку совети и мерки за претпазливост:

- До системот за интернет банкарство може да се пристапи со корисничко име и лозинка. По Вашата прва и секоја наредна најава:
    - Скенирајте го QR кодот со “My Unibank” апликацијата на Вашиот мобилен уред и внесете го добиениот ОТП код.
- До страната за интернет банкарство може да пристапите единствено со внесување на следната адреса во веб пребарувачот: https://e-unibanka.mk.
- Никогаш не користете јавна WiFi мрежа за пристап до интернет банкарството. Доколку WiFi мрежата не е заштитена со лозинка користете 4G/5G.
- Не ја овозможувајте опцијата за автоматско зачувување на лозинката.
- Не ги споделувајте податоците за најава на Вашето интернет банкарство со други лица.
- Активирајте автентикација на повеќе нивоа или засилена автентикација секаде каде што тоа е можно.
- Секогаш проверувајте ја адресата на испраќачот на емаил пораките и запомнете дека согласно сигурносните стандарди Банката никогаш нема да побара од Вас преку емаил или смс порака да се најавите на вашето интернет банкарство и притоа да побара ажурирање на вашите лични податоци.
- Препорачливо е повремено да ги проверувате Вашите трансакции и доколку забележите нешто сомнително да пријавите на 02 3111-111 и на info@unibank.com.mk.
- Веб-страната за интернет банкарство користи SSL сертификат кој го потврдува идентитетот на Банката. При отварање на https://e-unibanka.mk во левиот агол до полето за адреса се појавува икона во форма на катанец што означува дека конекцијата со веб-страната е безбедна.